**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Број 08-1538/1**
**Од 23.08.2021 година**
**Скопје**

**До**
**Членовите на советот на**
**општина Ѓорче Петров**

**Врз основа на член 48 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 18/13), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 3/19 и 05/21) и член 39 од Деловникот за работа на советот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 12/06), се донесува:**

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на Педесет и седмата седница на советот на општина Ѓорче Петров

**Ја свикувам Педесет и седмата седница на советот на општина Ѓорче Петров.**

**Седницата ќе се одржи на ден 30.08.2021 година (Понеделник), со почеток во 12:00 часот, во Домот на културата во Ѓорче Петров.**

**За седницата го предлагам следниот:**

## Д н е в е н р е д:

1. **Извештај за работата на полициската станица од општа надлежност „Ѓорче Петров" за Прво шестмесечие за 2021 година;**

2. **Предлог-Одлука за донесување на Измени и дополнување на ДУП Градска четврт СЗ 03, Блок 3, општина Ѓорче Петров, Скопје;**

3. **Предлог-Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

4. **Предлог-Одлука за усогласување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-2896/5 од 11.12.2007 година и Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Скопски плански регион број 07-1232/4 од 29.05.2008 година;**

5. **Предлог-Одлука за основање на Центар за развој на Скопски плански регион - Пречистен текст;**

6. **Годишни извештаи за работа на ООУ на општина Ѓорче Петров за учебната 2020/2021 година;**

7. **Предлог-Годишни програми за работа на ООУ на општина Ѓорче Петров со вклучена Програма за ученички екскурзии и други слободни активности во учебната 2021/2022;**

8. **Предлог-Годишни планови за вработување на ООУ на општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

9. **Годишнен Извештај за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица" за период од 2020/2021 година;**

10. **Предлог-Годишна Програма за работа на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица"Ѓорче Петров – Скопје, за период од 2021/2022 година;**

11. **Предлог-Одлука за усвојување на финансиски планови на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица" Ѓорче Петров – Скопје, за 2022 година;**

12. **Предлог-Одлука за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Росица" Ѓорче Петров –Скопје ;**

13. **Предлог-Годишен План за вработување на Јавната Општинска Установа за деца-детска градинка „Росица" за 2022 година;**

14. **Предлог-Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од општинските основни училишта во општина Ѓорче Петров во 2021 година ;**

15. **Барање од советничка група на ВМРО ДПМНЕ за доделување финансиска помош на општина Кочани, за санирање на последиците од пожари;**

**Ве молиме за присуство на седницата, а во случај на спреченост известете на тел. 2039-307 или 2044-411, Одделение за Норматива.**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**